Funded by
the European Union

SEESAC

UNDP

# ПРИРАЧНИК
# ЗА РОДОВО ОДГОВОРЕН ПРОЦЕС НА ОДОБРУВАЊЕ ДОЗВОЛИ ЗА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

GENDER AND SALW CONTROL: KNOW HOW SERIES

1 Клучните родови аспекти

2 Разгледувајте ги барањата од родова перспектива

3 Донесете информирана и родово-одговорна одлука

4 Постојано следење

Центарот за контрола на малото и лесно оружје на Југоисточна и Источна Европа (SEESAC) е заедничка иницијатива на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) и на Советот за регионална соработка (RCC) за зајакнување на националните и регионалните капацитети за контрола и намалување на пролиферацијата и злоупотребата на малото и лесно оружје, со што придонесува за поголема стабилност, безбедност и развој во Југоисточна и Источна Европа.

Оваа публикација е подготвена во рамките на регионалниот проект *Поддршка за зајакнување на борбата против незаконското поседување, злоупотреба и трговија на мало и лесно оружје (МЛО) во Западен Балкан (IPA/2021/425-067)* финансиран од *Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување на Европската Комисија*, преку *Инструментот за претпристапна помош.*

За дополнителни информации, ве молиме обратете се до:
Раководителот на SEESAC
Булевар Зорана Ѓинѓича 64, 11000 Белград, Србија
Тел: +381 11 415 5300
www.seesac.org

***Оградување од одговорност:*** За ставовите изразени во овој документ не може да се смета дека ги одразуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија. Ознаките што се користат и претставувањето на материјалот во оваа публикација не ги претставуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија во врска со: 1) правниот статус на која било земја, територија или област, или на нејзините надлежни органи или вооружени групи; или 2) определувањето на нејзините граници.

Уредник: Косана Бекер, главен експерт и Драган Божаниќ, Проектен аналитичар за род и истражувања на SEESAC
Превод: Игор Стефаноски
Дизајн и распоред: Иван Ќулафиќ
Испечатил: Биграф Плус, Белград
Место и година на издавање: Белград, 2024 година
Тираж: 50 копии
ISBN-978-86-7728-370-4

@ SEESAC 2024. Сите права се задржани.

# **ПРИРАЧНИК**
# ЗА РОДОВО ОДГОВОРЕН ПРОЦЕС НА ОДОБРУВАЊЕ ДОЗВОЛИ ЗА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

GENDER AND SALW CONTROL: KNOW HOW SERIES

# Признанија

Сакаме да ја изразиме нашата благодарност до бројните експерти кои придонесоа кон подготовката на прирачниците, вклучувајќи ги следните:

Експерти: Косана Бекер (Фемплац, главен експерт), Јасминка Фришчиќ (Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените), Елона Дини (УНДП Албанија), Маја Бранковиќ Ѓунѓиќ (УНДП Србија), Викторија Ружичиќ-Токин (консултант).

Членови на работната група и претставници на министерствата за внатрешни работи и полицијата: Снежана Вујовиќ, Божидар Булатовиќ, Ранка Јовановиќ, Бурим Кадриу, Лабинот Садику, Сали Бериша, Алменида Бајрами, Славко Туњиќ, Нермина Јеж, Драгана Мајсторовиќ, Николина Савановиќ, Гордан Зовко, Ива Кузевска, Светлана Белсоска, Тања Василевска, Мики Илијевски, Линдита Лушаку, Мајлинда Вати, Елса Зилифтари, Артур Папа.

Претставници на министерствата за внатрешни работи и полицијата коишто учествуваа во дискусиите на фокус групите: Елса Зилифтари, Агрон Под Гега, Фатма Калеми, Решат Калачи, Кастриот Ѓонгецој, Јулијан Цано, Силвија Бинај, Тајар Хисенај, Адева Конди, Дурата Мехмети, Елена Хасанаго, Ерба Лека, Ериселда Долани, Линдита Лушаку, Олдијан Личи, Валбона Рапак, Мирослав Косиќ, Хрвоје Пашалиќ, Јасмина Чуњало, Антонија Ковачевиќ, Амир Куко, Кристијан Краљевиќ, Калила Хргиќ, Крешимир Косиќ, Муамер Бајровиќ, Един Мусиќ, Самела Рибо, Звонимир Брниќ, Агрон Малики, Бајрам Адеми, Лорита Бејтулаху-Претени, Рамадан Ахмети, Сами Хасанај, Сефер Мухадим, Блерим Н. Красниќи, Миљазим Говори, Бехџет Красниќи, Есат Малики, Мукадеше Гоголи-Малоку, Шемсие Јонузај, Џемиле Бехлули, Мирјана Цветковска, Емилија Дамчевска, Деан Стаматовски, Нермине Изаири, Татјана Ѓуровска, Демиралија Фејзо, Билјана Јакимовска, Стефан Михајловиќ, Виолета Трпчевска, Александра Дечковска, Зулфи Абдули, Бурим Адеми, Ненад Дејаноски, Селман Селмановски, Никола Ѓорѓевски, Астрит Аслани, Снежана Вујовиќ, Алма Хот, Данијела Рајевиќ, Дејан Богавац, Ермила Вујошевиќ, Јасминка Лубодер, Босиљка Паликуќа, Билјана Вукчевиќ, Драгана Јовиќевиќ, Драгица Калезиќ, Јована Нишавиќ, Ранка Јовановиќ, Петар Ивезиќ.

Претставници на организациите на жени од регионот кои учествува во дискусиите во рамките на фокус групите: Аурела Бозо, Центар за правни граѓански иницијативи, Марсела Алмука и Маринела Мучобега, Шелтер „Едлира Хаџијмери“, Мерсида Мале (Башалиу), Друштво за правна помош Тирана, TLAS, Стела Танелари,

Различни и еднакви, Ањеза Бојаџиу, Координиран механизам за упатување за случаи на семејно насилство (CRM), Општина Тирана, Амра Бегановиќ, Медика Зеница, Мерсиха Локванчиќ, Фондација за локална демократија, Радмила Жигиќ и Мирзета Томљановиќ, Фондација „Лара“ Бјелина, Горица Ивиќ и Андреа Бузаџија, Фондација „Здружени жени“ Бања Лука, Елмедина Сејдиу, Центар за заштита на жени и деца, Елена Димушевска, Национална мрежа против насилството врз жените и семејно насилство, Наташа Петковска, Хелсиншки комитет за човекови права, Јасна Оровчанец Арангеловиќ, Македонско здружение на млади правници (МЗМП), Леонора Дукај, „Безбеден живот Тузи“, Наташа Меѓедовиќ и Нада Копривица, СОС телефон за жени и деца жртви на насилство Никшиќ, Тијана Вуксановиќ, Јована Мирковиќ и Нада Јеловац, Сигурна женска куќа, Зорица Конатар, Центар за женски права.

Преку консултации и стручна ревизија, придонес на развојот на Прирачникот дадоа и претставниците на следните женски организации: СОС линија за помош на жени и деца жртви на насилство Никшиќ, Сигурна женска куќа Подгорица, Шелтер „Едлира Хаџијмери'' Тирана, Фондација „Здружени жени“ Бања Лука и Фондација „Лара“ Бијељина.

Следните членови и членки на тимот на SEESAC исто така дадоа придонес за изработката на Прирачникот: Ален Лапон, главен технички советник, Јулијана Бузи, специјалист за регионална соработка, Весна Ципруш, сениор советник за родови прашања, Татјана Вишацки, проектен аналитичар, Виолета Гаши, програмски соработник, и Јана Илиќ, програмски асистент.

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Вовед | 7 |
| **1.1** | Процесот на развој на Прирачникот | 7 |
| **1.2** | Контекст: Зошто ни е потребен овој Прирачник? | 10 |
| **2.** | Прирачникот | 15 |
| **2.1** | Цел на прирачникот | 15 |
| **2.2** | Содржина на Прирачникот | 16 |
| **2.3** | Чекори на родово одговорниот процес на одобрување дозволи за огнено оружје | 16 |
| **Чекор 1:** | Имајте ги предвид клучните родови аспекти во контекст на одобрувањето дозволи за огнено оружје | 19 |
| | Семејното насилство и насилството врз жените | 21 |
| | Огненото оружје и насилството врз жените | 23 |
| | Групи под најголем ризик од злоупотреба на огнено оружје – млади мажи | 24 |
| **Чекор 2:** | Разгледувајте ги барањата од родова перспектива – Безбедносни проверки | 29 |
| | Започнување на безбедносна проверка по прием на апликација/барање | 31 |
| | Меѓусекторски пристап | 32 |
| | Општи информации за барателот | 33 |
| | Оправданост на причината за набавка на огнено оружје | 36 |
| | Кривична и прекршочна евиденција | 36 |
| | Полициска евиденција | 38 |
| | Податоци од регистарот за огнено оружје | 39 |
| | Теренски проверки и интервјуа | 40 |
| **Поле 1:** | Спроведување на други проверки, вклучително и проверка на социјалните медиуми и присуството на интернет | 52 |
| **Чекор 3:** | Донесете информирана и родово-одговорна одлука | 53 |
| **Чекор 4:** | Постојано следење на исполнувањето на законските услови за поседување на оружје | 59 |

# 1. Вовед

## 1.1 Процесот на развој на Прирачникот

Во рамките на регионалниот проект *„Поддршка за зајакнување на борбата против незаконското поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО) во Западен Балкан“*, финансиран од страна на *Европската комисија, Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување, преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА II)* SEESAC обезбедува поддршка за властите во Западен Балкан за интегрирање на родовата перспектива во мерките за контрола на МЛО. Во овој контекст, спроведени се низа активности за да се зајакне институционалниот одговор на злоупотребата на огнено оружје во случаите на семејно насилство, што ја вклучува и регулатива за поседување на огнено оружје и процедурите и практиката поврзани со одобрувањето на дозволите за огнено оружје за цивилните лица.

За таа цел, во соработка со властите од Западен Балкан, во 2022 година SEESAC започна со формирањето на Регионална работна група за развој на Прирачник за родово одговорен процес на одобрување дозволи за огнено оружје.

Целите на работната група се:

- Да придонесе кон подобрување на разбирањето на клучните предизвици при одобрувањето на дозволите за огнено оружје поврзани со превенција на злоупотребата на огненото оружје при семејно насилство и други родово поврзани прашања кои се предмет на загриженост,
- Да развие практична алатка што ќе гарантира дека процедурите за издавање на дозволите целосно ќе ги земат предвид ризиците за семејно насилство и насилство од страна на интимен партнер, како и другите родови аспекти на огненото оружје, вклучително и потенцијалните проблеми поврзани со групата што е под највисок ризик за злоупотреба на огненото оружје – младите мажи.

Првата средба беше организирана во Тирана од 30 ноември до 1 декември 2022 г., на која учествуваа 15 професионалци одговорни за одобрување на дозволите за огнено оружје од пет територии на надлежност од Западен Балкан: Подгорица, Приштина, Сараево, Скопје и Тирана.[1] Работната група дискутираше за главните предизвици во однос на превенцијата на семејното насилство преку процедурите за одобрување на дозволи за огнено оружје и го иницираше развојот на Прирачникот за родово одговорен процес на одобрување дозволи. Како поддршка на работната група, SEESAC ги мапираше најдобрите практики од регулативата за одобрување на дозволи за огнено оружје поврзани со превенцијата на семејното насилство, коишто беа презентирани и дискутирани за време на состанокот.

За да се добијат повеќе релевантни податоци за подготовка на Прирачникот, беа организирани петнаесет (15) фокус групи, вклучувајќи и дискусија како адекватно да се постапи во однос на ризиците поврзани со присуството на огнено оружје во контекстот на семејното насилство. Фокус групите одржаа средби во Сараево од 28 до 30 март, во Тирана од 28 до 30 март, во Подгорица од 4 до 6 април, во Приштина од 12 до 14 април и во Скопје од 25 до 27 април. Во секоја од надлежностите беа одржани три фокус групи: со претставници од организациите на жените (вкупно учествуваа 17 организации), полициски службеници коишто работат на одобрувањето дозволи за огнено оружје (33), како и службеници коишто постапуваат по пријавите за семејно насилство (35). По дискусиите во фокус групите, подготвени беа 15 исцрпни извештаи, кои потоа беа вклучени во развојот на Прирачникот.

Втората средба на работната група беше организирана од 9 до 11 мај 2023 г. во Драч. Покрај учесниците/учесничките од првиот состанок, на втората средба присуствуваа и полициски службеници/службенички со практично искуство во вршење на безбедносни проверки во процесот на издавање дозволи за цивили. За време на средбата се дискутираше за заклучоците на фокус групите и од родова перспектива беа целосно анализирани главните чекори при разгледувањето на барањата за огнено оружје. Беше дискутирано и за структурата и содржината на Прирачникот.

Врз основа на мислењата од работната група, добрите практики што веќе постојат во регионот, и заклучоците на фокус групите, SEESAC го разви нацрт Прирачникот, што ја востанови структурата и содржината и ги зацрта главните чекори на кои треба да се работи за да се гарантира родово одговорен пристап во процесот

**1** Со оглед на фактот дека надлежните тела во Белград веќе развиле сличен прирачник со поддршка на УНДП Србија, преку проектот *Намалување на ризикот, зголемување на безбедноста – чекори кон ставањето крај на злоупотребата на МЛО во контекст на семејното насилство*, белградските претставници не учествуваа во активностите на Работната група, но извлечените поуки и добрите практики развиени во рамките на овој проект беа споделени со Работната група и интегрирани во овој Прирачник.

на одобрување на дозволите за огнено оружје и да се превенира злоупотребата на огнено оружје при семејното насилство, насилството врз жените и родово базираното насилство.

Освен значајниот придонес од работната група, Прирачникот се заснова и на голем број добри практики од оваа област. Ова особено се однесува на *Водичот на Обединетото Кралство за Законот за дозволи за огнено оружје* (*UK Guide on Firearms Licensing Law,* 2016) и голем број предложени мерки од овој водич беа интегрирани во Прирачникот и приспособени на специфичниот регионален контекст. Прирачникот исто така се повика и на материјалите развиени во рамки на проектот *Намалување на ризикот, зголемување на безбедноста – чекори кон ставањето крај на злоупотребата на МЛО во контекст на семејното насилство,* имплементиран од УНДП Србија. Дополнително, вклучени беа и искуства од Австралија, Канада и Нов Зеланд.

## 1.2 Контекст: Зошто ни е потребен овој Прирачник?

Злоупотребата на огнено оружје и понатаму претставува сериозна закана за безбедноста и благосостојбата на граѓаните на Западен Балкан, и тоа и на мажите и на жените. Таквата злоупотреба го подгрева семејното насилство и криминалот и ја поткопува стабилноста, со што го попречува целокупниот општествен развој.

Само во 2022 година, убиени беа 129 лица, а 318 беа повредени со огнено оружје. Дополнителни 467 лица беа подложени на закани што предизвикаа сериозни психолошки последици и траума.[1] Неодамнешните масовни пукања во регионот, од кои некои беа извршени со огнено оружје во легална сопственост, имаа катастрофално и трајно влијание врз граѓаните, семејствата и заедниците. Не е изненадување фактот што 78% од граѓаните од Западен Балкан анкетирани во 2023 година се изјаснија дека имаат чувство дека се под закана од поседувањето и злоупотребата на огнено оружје во нивното соседство, што проблемот со огненото оружје го става на прво место меѓу заканите врз безбедноста во регионот.

Различното влијание на злоупотребата на огнено оружје врз жените и мажите е очигледно и добро истражено. Мажите сочинуваат 99% од сторителите во инцидентите со огнено оружје. Тие исто така го сочинуваат и мнозинството на жртви од инцидентите со огнено оружје, и тоа со 81% во споредба со 19% жени. Младите мажи се групата што е под најголем ризик од злоупотреба на огнено оружје. Тие сочинуваат речиси половина од сите сторители во инцидентите со огнено оружје, а истовремено најголема е веројатноста да бидат жртви на злоупотребата на огнено оружје. Додека мажите се под најголем ризик во контекст на вршење на кривични дела или нарушување на јавниот ред и мир, жените се непропорционално засегнати од злоупотребата на огненото оружје при семејно насилство.

Огненото оружје често се користи при извршување на семејно насилство. Според истражувањата спроведени во регионот, 37,7% од убиствата извршени од страна на членови на семејството биле извршени со огнено оружје, додека 43,4% од сите жени убиени од страна на интимен партнер во Југоисточна Европа биле убиени со огнено оружје.[2] Во однос на обемот на проблемот, податоците на SEESAC покажуваат дека **годишно, повеќе лица се убиени со огнено оружје во контекст на семејно насилство отколку во кој било друг тип на инцидент, вклучително и инцидентите во контекст на вршење кривични дела, нарушување на јавниот ред и мир и неутврдени причини за пукање.** Во Југоисточна Европа, 77% од сите жени убиени со огнено оружје биле убиени од страна на машките членови на нивното семејство, и тоа главно од актуелните или поранешните интимни партнери.[3]

Дополнително, и поседувањето и побарувачката на огнено оружје во голема

мера се родово поделени. Во Југоисточна Европа, **мажите поседуваат 97,2% од целокупното огнено оружје во легална сопственост,** во споредба со 2,8% во сопственост на жени.[4] До одредена мера, таквите разлики ги отсликуваат и ставовите кон поседувањето на огнено оружје. **Многу е поголема веројатноста мажите во споредба со жените да се изјаснат дека би поседувале пиштол.** Ова е особено точно за младите мажи, кои се поднаклонети кон поседувањето на огнено оружје во споредба со мажите од другите групи на возраст. Поголемата склоност на младите мажи да се вклучат во ризични однесувања, вклучително и инциденти со насилство, често се нарекува **синдром на младите мажи**, па според тоа оваа појава бара соодветно внимание и одговор при контролата на огненото оружје.

Во последниов период, има сè поголемо разбирање дека за ефикасно спротивставување на злоупотребата на огненото оружје и контрола на неговото распространување, потребно е целосно да се земат предвид различните ризици со кои се соочуваат жените и мажите во однос на огненото оружје, начинот на нивната изложеност на вооружено насилство, како и целокупното искуство со огненото оружје. Според тоа, **родовата перспектива мора целосно да се интегрира во секој аспект на контролата на огненото оружје, а особено во регулирањето и контролата на поседувањето на огнено оружје од страна на цивилните лица.**

Ова особено важи за **процедурите и практиките поврзани со одобрувањето на дозволите за огнено оружје, затоа што тие ја играат клучната улога** во превенцијата на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство, насилство врз жените, како и родово–базирано насилство во поширока смисла.

Екстензивната анализа на SEESAC на законската регулатива и политиките за контрола на мало оружје во Западен Балкан, спроведена во 2021 година, документираше експлицитни законски одредби, особено во **законите за оружје**, но исто така и законита за заштита од семејно насилство, кои имаат цел да воведат и уредуваат процедури за превенција на злоупотребата на огнено оружје при семејно насилство.

Ова главно треба да се постигне преку:

- Ограничување на пристапот до огнено оружје на баратели (цивили) кои извршиле семејно насилство или постои ризик да извршат семејно насилство,
- Одземање на огненото оружје и дозволите за огнено оружје во легална сопственост во случај на извршено семејно насилство.

Во овој контекст, законите за оружје воспоставуваат сеопфатни критериуми за подобност кои, меѓу другото, налагаат сите баратели на дозвола за набавка на оружје да не се правосилно осудени за кривични дела, вклучително и семејно

насилство, или за прекршоци со елементи на насилство, и против барателот да не се води кривична или прекршочна постапка. Дополнително, барањето ќе биде одбиено ако постојат околности што укажуваат дека огненото оружје би можело да биде злоупотребено, меѓу другото и во контекст на семејно насилство, или за нарушување на редот и безбедноста во заедницата. Во случаи кога цивилно лице е легален сопственик на огнено оружје, појавата на која било од горенаведените околности ќе доведе до запленување на огненото оружје и одземање на дозволата од сопственикот.

Додека законите за оружје и придружните подзаконски акти воспоставуваат добра основа што го превенира доделувањето на огнено оружје на неподобен барател, анализите идентификуваа неколку заеднички предизвици на териториите на надлежност во Западен Балкан, за кои е потребен адекватен одговор. За овие предизвици детално се дискутираше во рамките на работната група.

Сегашните одредби ефективно го превенираат купувањето или носењето огнено оружје во случаи кога била донесена осудителна пресуда за семејно насилство, или како кривично дело или како прекршок, потоа ако претходно на полицијата ѝ било пријавено насилство, или доколку постои друга евиденција за насилно однесување, вклучително и инциденти идентификувани преку безбедносната проверка. Сепак:

1. За разлика од другите кривични дела, **семејното насилство во најголема мера не се пријавува на институциите.** Само 7% од жените жртви на насилство извршено врз нив од страна на актуелните партнери се обратиле на полицијата по најтешкиот инцидент на насилство; полицијата ја контактирале 15% од жените жртви на насилство од страна на поранешен партнер, а во случаи на насилство од личност што не им е партнер,[5] инцидентите ги пријавиле 19% од жртвите. Како последица на ова, најголемиот број случаи на семејно насилство не би можеле да се проверат преку кривичната или прекршочна евиденција или преку полициската евиденција. Според тоа, за кредибилна процена на тоа дали огненото оружје би можело да биде злоупотребено во контекст на семејното насилство, потребно би било секоја безбедносна проверка да ги земе предвид овие специфични аспекти и да не биде ограничена само на информациите достапни преку базите на податоци. Пријавите за семејно насилство и насилство врз жени во полициските станици кои завршиле со предупредување на сторителот не мора нужно да влијаат на одлуката за оружјето.

2. Дури и доколку се пријави случај на насилство, **кривичните обвиненија за семејно насилство често се отфрлаат** на различни основи, а особено поради недоволно докази или повлекување на жртвите од процесот. Од аспект на

одговорот на кривично–правниот систем, документирана е општа тенденција да доминираат суспендирани или одложени пресуди, пред сѐ преку условна казна. Редовно се изнаоѓаат олеснителни околности, што е индикација за недоволно разбирање на спецификите на семејното насилство, неговата родово базирана природа и односите на нееднаква моќ помеѓу насилникот и жртвата. Дополнително, одложување на кривичното гонење би можело да влијае на пристапот до огнено оружје и да го зголеми ризикот за смртен исход. Исто така документирани беа и казни што се поблаги од правно превидениот минимум, како и случаи во кои при инцидентите на семејно насилство единствено било изречено предупредување од страна на полицијата.

3. Безбедносните проверки не секогаш вклучуваат и интервјуа со актуелните и претходните партнер(к)и и другите членови на семејството, кои би можеле да помогнат да се открие дали набавувањето на огнено оружје кај интимниот партнер(ка) или детето (децата) би предизвикало разумен страв или би ги ставило во разумна опасност поради употреба на огнено оружје во која било форма на семејно насилство. Полициските службеници често не се соодветно обучени да извршуваат вакви чувствителни интервјуа.
4. Слично на ова, законите за оружје и поврзаните подзаконски акти не содржат конкретни одредби кои наложуваат надлежните институции да го известат брачниот партнер или членовите на потесното семејство кога одредена личност поднесува барање за дозвола за огнено оружје, дури и кога набавката на огненото оружје би можела да ги изложи на ризик.
5. Семејното насилство често се поистоветува со физичко насилство, додека на психолошките, емоционалните, сексуалните и економските форми на насилство, вклучително и злоупотребата на огнено оружје во ваков контекст, често не им се припишува истиот степен на итност.
6. Одлуките за издавање на привремена забрана за приближување за да се превенираат актите на семејно насилство често не се експлицитно именувани како дел од условите при спроведување на безбедносната проверка.
7. Дополнително, анализата исто така укажа на многу ограничен одговор на ризиците поврзани со младите мажи, кој се состои главно преку дефинирање на минимална возрасна граница како квалификационен критериум при одобрувањето на дозвола.

**Во контекстот на овој Прирачник, терминот дозвола се однесува на повеќе различни видови дозволи и одобренија, во зависност од релевантните правни одредби во секоја територија на надлежност од Западен Балкан.**

# 2. Прирачникот

## 2.1 Цел на прирачникот

Оваа Прирачник има цел да им пружи поддршка на професионалците вклучени во процесот на одобрување дозволи за огнено оружје да се справат со горенаведените предизвици, да ја интегрираат родовата перспектива во процесот на одобрување на дозволите за огнено оружје, па на тој начин:

- Ефективно да ја превенира злоупотребата на огнено оружје, особено при семејно насилство и насилство врз жените и земајќи ги предвид околностите кои можат да претставуваат фактори на ризик,
- Да ја превенира злоупотребата на огнено оружје од страна мажите на возраст од 18 до 30 години кои се под највисок ризик од такво однесување.

Поддржувајќи ја ефективната имплементација на релевантните законски одредби и на стратегиските приоритети, прирачникот има за цел да придонесе кон елиминацијата на родово базираното насилство, насилството врз жените и семејното насилство, и да ја зголеми безбедноста и благосостојбата на жените и мажите од Западен Балкан.

**Соодветно, примарната цел на Прирачникот е да ја поддржи интеграцијата на родовата перспектива во постапките што веќе ги извршуваат назначените службеници, без намера да ги замени постојните стандардни оперативни процедури. Според тоа, Прирачникот треба да се смета првенствено како помошно средство за професионалците подобро да се справат со негативните родови аспекти во секојдневното работење и да им помогне во унапредувањето на постојните процедури.**

## 2.2 Содржина на Прирачникот

Прирачникот вклучува повеќе **практични контролни листи** чија цел е да им помогнат на соодветните професионалци да ја земат предвид и родовата перспектива при секој од чекорите од процесот на одобрување на дозволите за огнено оружје, со цел подобро да проценат:

- Дали огненото оружје би можело да биде злоупотребено за семејно насилство, насилство врз жени и родово базирано насилство, и
- Дали околностите укажуваат дека огненото оружје би можело да биде злоупотребено од млади мажи – групата најмногу изложена на ризик од такво однесување.

Врз основа на соодветното разбирање на идентификуваните ризици, Прирачникот има за цел да им обезбеди поддршка на професионалците да носат информирани и издржани одлуки по барањата за набавка на оружје.

## 2.3 Чекори на родово одговорниот процес на одобрување дозволи за огнено оружје

За процесот на одобрување на дозволите за огнено оружје да може ефективно да придонесува кон превенцијата на насилството врз жените, семејното насилство и родово-базираното насилство, **родовата перспектива мора соодветно да се интегрира во секоја фаза на процесот на одобрување на дозволите.** Главниот предуслов за значајна интеграција на родовата перспектива е сите вклучени професионалци да имаат заедничко разбирање за родовата еднаквост, особено за родовите аспекти на побарувачката, сопственоста, употребата и злоупотребата на огненото оружје. Заедничко разбирање вклучува целосна запознаеност со семејното насилство, вклучително и злоупотребата на огнено оружје во тој контекст, како и на изложеноста на вооружено насилство на групите кои е многу веројатно да го злоупотребат огненото оружје – младите мажи. Според тоа, потребно е за сите релевантни професионалци вклучени во секоја фаза од одобрувањето на дозволите за огнено оружје да се обезбедат обуки за родова еднаквост, семејно насилство, насилство врз жени и родово базирано насилство, како и за поврзаноста на родот со огненото оружје.

Со оглед на спецификите на семејното и родово базираното насилство што ги дискутиравме претходно и важноста на безбедносните проверки за справување со ваквите предизвици, родовата перспектива треба да биде интегрирана во ваквите проверки независно од тоа дали тие ќе се спроведуваат преку бази на податоци, теренски проверки, интервјуа или кој било друг метод. Дополнително, родовата перспектива треба да се земе предвид во процесот на одлучување по секое барање пред да се одобри набавката на огнено оружје. Во контекст на семејното и родово базираното насилство, вклучувањето на родовата перспектива во безбедносните проверки и во процесот на одобрување на дозволите за огнено оружје подразбира земање предвид на различните слаби точки, искуства или модуси на насилство/виктимизација поврзани со жените и мажите. Доколку ддозволата се одобри, треба да се врши континуирана ревизија на почитувањето на законските обврски од страна на иманелот на дозволата.

Следниве чекори ќе овозможат родово одговорен процес на одобрување на дозволите за огнено оружје:

**ЧЕКОР 1**

**ИМАЈТЕ ГИ ПРЕДВИД РОДОВИТЕ АСПЕКТИ ВО КОНТЕКСТ НА ОДОБРУВАЊЕТО ДОЗВОЛИ ЗА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ**

**ЧЕКОР 2**

**РАЗГЛЕДУВАЈТЕ ГИ БАРАЊАТА ОД РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА - БЕЗБЕДНОСНИ ПРОВЕРКИ**

- Проверете ја кривичната и прекршочната евиденција, полициската евиденција и другите бази на податоци
- Внимателно проценете ја оправданоста на причините за поседување огнено оружје
- Извршете безбедносни проверки преку теренски проверки и интервјуа
- Преземете дополнителни мерки, вклучително и проверка на социјалните медиуми и присуството на интернет

**ЧЕКОР 3**

**НОСЕТЕ ИНФОРМИРАНИ И РОДОВО ОДГОВОРНИ ОДЛУКИ**

**ЧЕКОР 4**

**ПОСТОЈАНО СЛЕДЕЊЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ПОСЕДУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ**

Во продолжение, дополнително е образложен секој од чекорите.

**ЧЕКОР 1:**

# Имајте ги предвид клучните родови аспекти во контекст на одобрувањето дозволи за огнено оружје

Знаењето и разбирањето на клучните родови прашања што треба да се имаат предвид кога се разгледува барање за дозвола за набавка на огнено оружје се основните предуслови за родово одговорно одобрување на дозволи за огнено оружје. Во овој контекст, главните родови аспекти што треба да се разгледаат се:

- Семејното насилство, поконкретно насилството врз жените, и злоупотребата на огнено оружје во овој контекст,
- Злоупотреба на огненото оружје од страна на групите што се под најголем ризик за такво однесување, особено младите мажи.

Соодветното разбирање на корените, динамиката и манифестациите на семејното насилство, неговата родово базирана природа и неговото непропорционално влијание врз жените е клучно за секоја ефективна превентивна мерка и за овозможување на соодветен институционален одговор.

За ефикасно да се спречи злоупотребата на огненото оружје во овој контекст, неопходно е да се осигури дека сите надлежни професионалци/ки се вклучени во секоја фаза на одобрување на дозвола за огнено оружје ќе поминат обука за родова рамноправност, семејно насилство, насилство врз жените и родово базирано насилство, како и за поврзаноста на родот и огненото оружје.

## Семејното насилство и насилството врз жените[6]

**Семејното насилство** е широко распространето и го претставува најзастапениот облик на насилство. Вклучува дејствија на физичко, сексуално, психичко или економско насилство што се извршуваат во рамките на семејството или домашната единица или помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без разлика дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не. Иако семејното насилство може да им се случи и на жените и на мажите, сепак несразмерно ги погодува жените. **Се разликува од другите видови насилство затоа што е родово базирано, односно насочено е против жена затоа што е жена или несразмерно повеќе ги погодува жените.**

Родово базирано насилство е кривично дело и претставува повреда на човековите права, правата на живот, слобода, безбедност, достоинство, недискриминација и еднаквост на жените и мажите, како и повреда на физичкиот и духовниот интегритет.

Насилството врз жените подразбира кршење на човековите права и форма на дискриминација на жените и ги претставува сите акти на родово базирано

насилство кои водат до, или може да доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жени, вклучително и закана за извршување на такви дела, принуда или произволно лишување од слобода, во јавниот или приватниот живот.

Постојат големи варијации во однесувањата и причините за виктимизација на жените и мажите во контекст на семејно насилство. Во контекстот на семејството, за жените постои поголем ризик од насилство извршено од интимни партнери, актуелни или поранешни, додека за мажите примарниот ризик главно потекнува од машките членови на семејството. Насилството врз мажите најчесто не е родово базирано и причините се семејни спорови, имотни спорови, меѓу–генерациско насилство и слично.

Најекстремниот и крајниот облик на насилство врз жените е **фемицидот** (познат и како феминицид), односно **намерно родово мотивирано убиство на жени и девојчиња**. **Фемицидот претставува убиство на жена извршено од маж мотивиран од омраза кон жените, презир, задоволство, чувство на сопственост и моќ врз жената.**

Семејното насилство, и насилство од интимниот партнер, особено извршено од мажите, е начин на однесување во секоја врска што се користи за стекнување или одржување моќ и контрола врз интимниот партнер. Како такво, **семејното насилство секогаш претставува злоупотреба на моќ и контрола од страна на насилникот**. Се карактеризира со повторување постапки и навредливи однесувања што ги користи одредено лице за намерно да наметне контрола или доминација врз својот интимен партнер. Таквите дејства вклучуваат принуда и закани, емоционална злоупотреба, изолација, заплашување, употреба на машката привилегија[2] и децата за стекнување и одржување контрола врз партнерот.

Општествените и културолошките ставови, норми и очекувања кои се основата на употребата на насилство од страна на мажите за да ја задржат моќта и контролата врз својот партнер или поранешен партнер неретко се користат за да го оправдаат таквото однесување. Истражувањата го поврзуваат семејното

2 **Машка привилегија** е систем на предности или права што им се достапни на мажите врз основа на нивниот пол, а втемелено е во идејата и практиката за доминација на мажите над жените. Со системска подреденост на жените, мажите добиваат економски, политички, социјални, образовни и практични предности кои повеќе или помалку не се достапни на жените. Семејното насилство може да ја поттикнува машката привилегија во денешното општество. Ја зајакнува положбата на моќ што се смета дека ја имаат мажите, што ги наведува жените да продолжат да ги трпат нејзините последици. Машките привилегии се негуваат преку начините на кои жените се објективизираат и се гледа дека ја играат улогата на служење на потребите на мажите во нивните семејства. Мажите можат да претпоставаат дека имаат право да вршат контрола врз жените. Ова води кон чувство на авторитет што се манифестира како тактика на принуда, казнување и контрола (Извор: Семејно насилство и машка привилегија).

насилство со општественото прифаќање на машката доминација, стереотипите за родовите улоги и нормализацијата на насилството како начин за решавање на конфликти. **Родовите стереотипи може да поттикнат насилство врз жените и поседување и употреба на оружје, додека распространетоста на позитивните ставови кон поседувањето оружје во заедницата може да ги попречи напорите за спречување на семејното насилство кое вклучува огнено оружје.**

Инцидентите со семејно насилство ретко се изолирани и најчесто ескалираат во зачестеноста и сериозноста, со потенцијална кулминација во сериозна физичка повреда или смрт. Оттаму, сфаќањето на динамиката и фазите на семејното насилство е од суштинска важност за неговата превенција.

Пристапите кон превенцијата и интервенцијата треба да ја имаат предвид комплексната динамика на насилството врз жените и дека семејното насилство е родово базирано насилство. Соодветно, таквите пристапи треба да обезбедуваат поддршка на жртвите во сите фази, како и да се насочат кон препознавањето и спречувањето на ескалацијата на насилството.

Истражувањето предводено од ОБСЕ[7] детално го документираше обемот на овој вид насилство, вклучувајќи и во Западен Балкан, како и распространетоста на различните форми на насилство врз жените. **70% од жените во истражувањето претрпеле некаква форма на насилство** почнувајќи од 15-годишна возраст, додека 31% од нив доживеале некаква форма на насилство во последните 12 месеци пред спроведувањето на истражувањето. Речиси една четвртина од анкетираните жени (23%) биле жртви физичко и/или сексуално насилство од страна на интимен партнер почнувајќи од 15-годишна возраст, додека 60% претрпеле психичко насилство од страна на интимен партнер. Речиси **половина од жените доживеале барем една форма на сексуално вознемирување,** а 10% во некој период биле жртва на демнење. Како што споменавме претходно, ова е истото истражување што го документираше **ниското ниво на пријавување на насилството** врз жените.

Иако претставува најраспространета форма на насилство, насилството врз жените во семејниот контекст најчесто не се пријавува на институциите.

## Огненото оружје и насилството врз жените

**Поседувањето на огнено оружје од страна на насилникот во контекст на семејното насилство овозможува одржување на контрола и моќ врз жртвите, што е и неговата крајна цел.** Огненото оружје го зголемува дисбалансот на

моќта помеѓу жртвата и насилникот, ја продлабочува родовата нееднаквост и ја зајакнува општествената хиерархија што на мажите им дава доминација врз жените. Иако податоците поврзани со злоупотребата на огнено оружје се достапни главно за случаите на фемицид или повреди, сепак **огненото оружје најчесто се користи за закани и заплашување.** Дури и кога огненото оружје не е експлицитно злоупотребено, самото присуство на огнено оружје е ефективна алатка за насилникот да одржува контрола над жртвата. **Присуството на огнено оружје негативно влијае на подготвеноста на жените да го разоткријат и пријават насилството. Дополнително, присуството на оружје води кон задоцнето пријавување на претрпеното насилство затоа што жртвата се плаши или е под закана.**

**Постојат неколку фактори што ја зголемуваат веројатноста за фатален исход при насилството од страна на интимен партнер кога во овој контекст е вклучено и огнено оружје:**[8] сериозноста на раните предизвикани од истрелот; намалениот капацитет на жената да пружи отпор; намалената веројатност жените да го пријават насилството; намалените шанси жената да избега или надворешни лица да интервенираат и да ѝ помогнат; и зголемена можност насилникот да го искористи огненото оружје во случај на семејно насилство, особено кога жената се обидува да го напушти насилникот. Ризикот од злоупотребата на огнено оружје значително се зголемува кога жртвата и насилникот повеќе не се заедно (развод, раскинување на врска), или кога жртвата презема чекори да го напушти.

## Групи под најголем ризик од злоупотреба на огнено оружје – млади мажи

**Младите мажи** се демографска група којашто генерално е многу веројатно да се впушти во ризично однесување и криминални активности, два случаи во кои често е вклучено и огнено оружје. Поверојатно е дека младите мажи во возрасната група од 15 до 30 години ќе го злоупотребат огненото оружје отколку мажи од другите возрасни групи.

**Во Југоисточна Европа, секој втор инцидент со огнено оружје е извршен од страна на млад маж.** Значително е поверојатно мажите на возраст од 16 до 24 години да пријават дека имале неодамнешно искуство со огнено оружје отколку мажи од другите возрасни групи. Наклонетоста на мажите во своите средни до доцни тинејџерски години и во своите дваесетти години, и тоа особено на мажите што не се женети ниту вработени, да се впуштаат во насилни расправии за

разрешување на навидум тривијални прашања, „за да си го спасат образот“, да му наштетат на свој ривал или на друг начин да го зголемат својот општествен статус, најчесто се нарекува **синдром на младите мажи.**[9] Таквото однесување често доведува до повисока веројатност за злоупотреба на огнено оружје од страна на лицата од оваа демографска група. Дополнително, сѐ поголем број на истражувања ги потврдуваат врските помеѓу специфични норми на мажественост и насилното однесување.[10]

**Поседувањето на огнено оружје е особено поларизирано по родова основа.** Во Југоисточна Европа, **мажите поседуваат 97,2% од целото огнено оружје во легална сопственост,** во споредба со 2,8% во сопственост на жени.[4] Од целокупното оружје што е во сопственост на мажи, 19,9% е во сопственост на мажи на возраст од 18 до 35 години.[11] Доминацијата на мажите меѓу сопствениците на огнено оружје се зголемува со текот на времето и се одржува поради високиот процент на мажи што добиваат нови дозволи секоја година. Помеѓу 2012 и 2016 година, мажите добиле 97% од новите дозволи, во споредба со 3% издадени на жени. Таквите разлики, до одредена мера, исто така се отсликуваат и во ставовите во однос на поседувањето на огнено оружје. Податоците од регионалното испитување спроведено во 2017 г. открило дека **е двапати поверојатно мажите отколку жените да кажат дека би поседувале пиштол. Побарувачката на оружје главно потекнува од мажите.**

Неодамна, едно истражување за изложеноста на мажите на вооружено насилство ја расветли поврзаноста помеѓу мажественоста и побарувачката и злоупотребата на огнено оружје.

**Мажественоста** се однесува на повеќе својства, однесувања и улоги што често се поврзуваат со момчињата и мажите во одреден општествен, културолошки и историски контекст. Таквите верувања, пренесени од родителите, семејствата, медиумите, врсниците и другите членови на општеството, врши притисок врз мажите да се однесуваат во согласност со одредени очекувања.[12] Овој притисок на мажите им ја пренесува пораката да бидат доволни на самите себеси, да бидат јаки, да се придржуваат до строго поделени родови улоги, да бидат подготвени да користат насилство за разрешување на конфликти и да не се однесуваат „женствено“. Овие однесувања и улоги поврзани со мажественоста или машкоста најчесто ја потенцираат силата, особено физичката сила, храброста, подготвеноста да се преземе ризик, независноста, наметливоста, достигнувањата, издржливоста, стоицизмот, успешноста, можноста финансиски да го издржува семејството, да не покажува слабост, да презема ризици, вклучително и да се впушта во ризично однесување. Истражувањето покажува дека придржувањето до ваквите пораки и притисоци би можело да биде поврзано со извршувањето и доживувањето на многу

форми на насилство, како и со многу други деструктивни начини на однесување. Го вклучува и воспоставувањето на доминација, користењето на насилство, сексуално насилство и контрола за да се утврди нивната моќ и супериорност.[13] **Дополнително, моќта и контролата се клучните категории при дефинирањето на доминантното разбирање на мажественоста.**[14]

Во овој контекст, огненото оружје може да биде особено привлечно на млади мажи затоа што нив оружјето често ги асоцира на мажественост, а особено на воспоставување моќ и контрола.[15] Младите мажи често оружјето го гледаат како начин на постигнување на општествениот и економски статус за кој се убедени дека го заслужуваат. Се стекнува впечаток дека мажите на кои им се попречени редовните патеки за пристап кон општествен и економски напредок се особено подложни на симболичната привлечност на пиштолите. Симболичната привлечност на огненото оружје може да биде многу силна, особено во случај на млади мажи. Освен демонстрацијата на моќ и контрола, огненото оружје може да се поврзе и со исполнувањето на очекувањата поврзани со родовите улоги и угледот во заедницата, или може да се примени како одговор на перципираните предизвици кон нивниот статус и нивната „машкост“. Младите престапници често пиштолот го гледаат како алатка „за да го одржат својот статус на лице од кое другите треба да се плашат и да не го предизвикуваат“. Анегдотските докази укажуваат дека огненото оружје се користи и при одредени обреди на премин во развојот на младите мажи.

Во Југоисточна Европа, мажите од најмладите групи се поннаклонети да поседуваат огнено оружје отколку мажите од другите возрасни групи. **60,5% од мажите на возраст од 16 до 24 години сметаат дека би се чувствувале побезбедни со огнено оружје во домот**.[16]

Претходни истражувања[17] во Југоисточна Европа укажуваат дека неколку фактори би можеле да влијаат на побарувачката на огнено оружје до различен степен меѓу младите мажи: нивната перцепција за безбедноста во заедницата и за функцијата на огненото оружје и дали тоа се поврзува со лична заштита, лов и спорт, општествените очекувања од мажите (традиција, „мажот треба да носи оружје“, „оружјето предизвикува страв кај околината“, чувството на општествена и економска немоќ и потребата повторно да се воспостави моќта со употреба на пиштол, желбата да се идентификува со најраспространетото разбирање на мажественоста, како алатка за стекнување на моќ, итн.), претходно искуство со огнено оружје или, со оглед на социјално–демографските карактеристики на овие испитаници, особено важен фактор е возраста.[18]

Освен родовата поврзаност со насилството, вклучително и со вооруженото насилство, особено е важно да не се минимизира улогата на поширокиот општествен контекст и комплексното множество дополнителни фактори што одредуваат дали младите мажи би прибегнале кон насилство.[19] Меѓу овие фактори, истражувачите силен акцент ставаат врз принудна, насилна родителска контрола, ограничена родителска контрола, социјализација со врсници кои се деликвенти, доживување на брутален настан, сведочење или доживување на насилство во домот или во заедницата, ограничени социјални вештини, држење до потрадиционалните или ригидни ставови за родот, перцепција на непријателски намери кај другите, примена на насилство по забележување дека насилството гради почит, посттрауматско стресно растројство, итн. Според тоа, родот е силен предодредувачки фактор, но се активира само доколку се присутни и повеќе други општествени фактори. Поврзаноста помеѓу одредени очекувања за мажественоста и огненото оружје кај одредени подгрупи на мажи (кои најчесто, но не секогаш се млади) наметнува повисок ризик тие да употребат оружје, но и да станат жртва на вооружено насилство.

Специфичните фактори што мажите (коишто се млади) ги доведуваат под ризик или ги поттикнуваат на ризично однесување треба да се земат предвид и кога се разгледуваат барањата за одобрување дозволи за огнено оружје, доколку барателот припаѓа на таква демографска група. Ова треба да се прави за секој аспект при разгледување на барањето: да се проверат релевантните бази на податоци, да се изврши безбедносна проверка, да се направат теренски и лекарски проверки во согласност со применливите законски одредби.

**ЧЕКОР 2:**

# Разгледувајте ги барањата од родова перспектива – Безбедносни проверки

## Започнување на безбедносна проверка по прием на апликација/барање

По приемот на апликација/барање за издавање на одобрение за набавка на огнено оружје придружена од документите пропишани со Законот за оружје, се започнува со систематска и сеопфатна безбедносна проверка на исполнувањето на законските критериуми за набавка на оружје од страна на надлежниот службеник или организациска единица. **Ве молиме имајте предвид дека процедури за кои се дискутира во овој дел исто така се валидни и при секое наредно обновување на дозволата за огнено оружје.**

Целта на безбедносната проверка е да се утврди дали барателот целосно ги исполнува критериумите дефинирани со Законот за оружје и да се обезбеди веродостојна процена дали лицето би можело да претставува ризик за себеси, за други лица или за јавната безбедност, и дали постојат околности кои потенцијално укажуваат дека огненото оружје би можело да биде злоупотребено, вклучително и при семејно насилство.

Со оглед на специфичната природа на семејното насилство и предизвиците што тоа ги наметнува при разгледување на претходно споменатото барање, безбедносната проверка игра клучна улога во проценката дали набавката на огнено оружје би можела да доведе до негова злоупотреба против интимните партнер(к)и или други членови на семејството. Одлуката во однос на барањето да се набави огнено оружје не треба да се повикува единствено на постоењето на осудителна пресуда кога се проценува подобноста на барателите да поседуваат огнено оружје без притоа да претставуваат закана за јавната безбедност, себеси или други лица, вклучително и нивните партнер(к)и и членови на нивното семејство. Широката употреба на различни извори на информации е клучна за намалување на ризикот со цел да се превенираат потенцијалните и актуелните сопственици на дозволи дополнително да го злоупотребуваат огненото оружје.

Безбедносните проверки се потпираат на неколку извори на информации:

- Кривична и прекршочна евиденција, полициска евиденција, и други бази на податоци.
- Информации прибрани преку теренска проверка од страна на назначен полициски службеник, вклучително информации од центрите за социјална работа и од организации специјализирани за обезбедување услуги на жртви на

семејно насилство (дежурна линија, засолништа, итн.).

- Други извори, вклучително и социјалните медиуми и присуството на интернет.

***Забелешка*: Предложената листа на прашања има цел да ги надополни прашањата што веќе се користат, и во никој случај не треба да ги замени.**

## Меѓусекторски пристап

Полициските единици за семејно насилство треба да се консултираат во сите фази од процесот на безбедносната проверка. Може да е потребен меѓусекторски пристап за соодветно да се процени дали барателот на дозвола може да поседува огнено оружје без да претставува опасност за јавната безбедност или јавниот ред и мир.

Во тој поглед, консултацијата со единицата за семејно насилство (или полициски службеник задолжен за таа област доколку не постои таква единица) може да овозможи сеопфатна процена на тоа дали постојат околности што укажуваат дека огненото оружје би можело да биде злоупотребено за семејно насилство.

Во случај да постои потреба од повеќе информации за процената да биде адекватна, може да е корисно да се консултираат:

- Групи за координација и соработка или механизми за упатување (во зависност од територијата на надлежност),
- Центрите за социјална работа, кои може да се запознаени со семејната состојба и историјата на барателот и може да имаат информации за претходно извршено семејно насилство,
- Дежурни линии, засолништа и организации на жените што даваат поддршка на жртви на (семејно) насилство,
- Семејниот лекар.

Слично на тоа, за барањата поднесени од страна на лица помлади од 30 години, може да биде корисно да се вклучат и полициски службеници што работат со малолетничка деликвенција за да може подобро да се проценат можните ризици.

Додека ваквата меѓусекторска соработка може да се извршува во која било од фазите на процесот на одобрување на дозволите за огнено оружје, за најдобри резултати, треба да се испланира уште од самиот почеток.

## Општи информации за барателот

За време на проверка на општите услови предвидени во Законот за оружје преку базите на податоци на релевантните институции, проверете го и следново:

- Дали дошло до промена на личното име/имиња и/или презиме/презимиња,
- Дали постои претходно или двојно државјанство, вклучително и дали е почната правна постапка за промена на државјанство,
- Место на живеење на барателот во последните 10 години. Овен кога базите на податоци се централизирани, поднесете и барање за проверка до полицискиот орган од претходното живеалиште или живеалишта на барателот,
- Образовни достигнувања (степен на образование) и посетувани образовни институции,
- **Брачен статус и дали е во врска**. Освен деталите за актуелниот партнер/ка, од барателот побарајте и детали за сите **поранешни брачни или вонбрачни партнер(к)и** со кои бил/а во врска во последните 5 години, како и за другите полнолетни членови на семејството и родителите. Потребно е да се наведат и нивните податоци за контакт (телефонски број и адреса).
- **Дали подносителот на барањето ги запознал** членовите/членките на семејството за поднесување на барање за дозвола за поседување на оружје,
- Професија,
- Евиденција за вработување (за последните 5 години), вклучително и список на работодавачи и нивни контакт информации.
- Статус на воена служба, и дали бил вклучен во вооружен конфликт.

**Известување на членовите на семејството за поднесеното барање**

Известувањето на интимните партнери и другите членови на семејството, особено оние кои живеат во исто домаќинство, за поднесеното барање за набавка на огнено оружје може да претставува важен чекор за спречување на злоупотреба

на огнено оружје во контекст на семејното насилство. Известувањето може да биде составен дел од постапката за одобрување на барањето. Во таков случај, потребно е да се обезбеди контакт со надлежниот службеник кому можат да се обратат во случај да имаат некаква загриженост за набавката на оружјето. Сите информации добиени од интимните партнери и другите членови на семејството треба да се третираат како доверливи информации и не треба да се изврши никакво дејство кое би ја загрозило нивната безбедност.

Во Канада е воведена обврската да се извести брачниот другар како задолжителен дел од барањето во процесот на стекнување дозвола за поседување оружје. Имено, ако одредено лице поднесува барање за дозвола за оружје, деталите за контакт на актуелниот и поранешниот брачен другар/партнер во последните 2 години задолжително се доставуваат како составен дел од образецот за барањето. Тие исто така мора да се потпишат на дел од барањето со нивните детали за контакт. Ако тој дел не се потпише, полицијата е обврзана да ги извести за барањето. Покрај тоа, тие ги добиваат и деталите за контакт и кому да се обратат ако се загрижени од која било причина во врска со барањето за дозвола за оружје.

Во Нов Зеланд, секој барател мора да наведе препораки од најмалку две лица во барањето и се известува дека и тие лица ќе бидат интервјуирани во процесот на носење одлука дали барателот е соодветно лице да поседува огнено оружје. Едната препорака е задолжително од лице во блиска врска (партнер/ка ако има) или друга блиска роднина (родителите). Другата препорака може да биде лице коешто не е во роднинска врска, но мора добро да го познава барателот (најмалку три години) и може да сведочи за карактерот и подобноста да поседува оружје. Покрај тоа, барателот е обврзан да достави детали за поранешните брачни другари или партнерки/партнери со кои во последните 5 години имале „однос сличен на брак“ и со кои исто така ќе се разговара.

## ▼ ИМАЈТЕ ГО ПРЕДВИД И СЛЕДНОВО

Поранешните брачни другар(к)и и партнер(к)и се лица блиски до барателот и може да се сериозно засегнати доколку барателот добие пристап до огнено оружје. Исто така, може да имаат и тековни односи и спорови со барателите околу грижата за децата и други семејни прашања.

Доколку барателот е разведен, обезбедете информации за тоа кога пресудата за разводот станала правосилна. Доколку партнерите се разделени, обезбедете информации за тоа кога се разделиле.

Во случај на поранешни брачни другар(к)и или партнер(к)и, проверете дали сѐ уште има тековни спорови, како старателство на децата, имотни прашања, итн.

Консултирајте се со Центарот за социјална работа или со локална организација на граѓанското општество кој обезбедува поддршка на жртви на семејно насилство (сигурна куќа, дежурна телефонска линија, правна и психосоцијална поддршка, итн.) и разговарајте за сите информации со кои потенцијално располага центарот.

**Во ситуација на ризична безбедносна проверка, организациите на граѓанското општество кои обезбедуваат поддршка може да претставуваат место за безбеден контакт и градење на доверба.**

## ▼ ИМАЈТЕ ГО ПРЕДВИД И СЛЕДНОВО

Насилството од страна на интимен партнер често продолжува и по развод или разделба. Насилните партнери често користат широка палета стратегии и насилно однесување за да ја вратат контролата и повторно да имаат моќ над жртвата.

Напуштањето на насилен партнер е најопасното време за жртвата на семејно насилство, затоа што тогаш насилството може да ескалира. Доколку сторителот се сомнева или разбере дека партнерката планира да го напушти, може да се исплаши дека ќе ја загуби моќта и контролата, па тогаш често ја зголемува употребата на насилство.

Поновите истражувања спроведени во регионот покажаа дека периодот помеѓу моментот на напуштање на сторителот и фемицидот варира од само неколку дена, па сѐ до две години.

## Оправданост на причината за набавка на огнено оружје

Кога се разгледува барањето и дали ги исполнува условите пропишани со закон, треба да се постапува внимателно кога барателот наведува формална причина за поседување на огнено оружје, но може да *има* ***скриени мотиви.*** Полицијата треба да спроведе разумна истрага за да ја потврди оправданоста на причината на барателот за поседување на огнено оружје.[20]

**Кога ја проценувате оправданоста на кое било барање, имајте на ум дека поседувањето на огнено оружје е можност пропишана со закон** и подразбира почитување на низа строги ограничувања.

## Кривична и прекршочна евиденција

**Во однос на кривичната и прекршочната евиденција,** секогаш проверете го и следново:

- Дали барателот бил осуден за кое било кривично дело, вклучително и кривично дело опишано во Законот за оружје? Дали барателот бил осуден за семејно насилство, силување, сексуално вознемирување и злоупотреба, или за демнење? Ако одговорот е да, дадете краток опис што ќе вклучува и информации за тоа кога барателот бил правосилно осуден, за кои кривични дела, за видот и времетраењето на казната и други релевантни информации.
- Се водат ли тековни кривични постапки против барателот? Ако одговорот е да, дајте краток опис.
- Дали барателот бил осуден за некој прекршок, особено прекршоци поврзани со семејното насилство (ако е релевантно), прекршоци против јавниот ред и мир, или прекршоци опишани во Законот за оружје? Ако одговорот е да, дадете краток опис, вклучително и информации за тоа кога барателот бил правосилно осуден, за кои прекршоци, каков бил видот и времетраењето на казната и други релевантни информации.
- Се водат ли тековни прекршочни постапки против барателот? Ако одговорот е да, дадете краток опис.
- Дали постојат кривични пријави поднесени против лицето што не завршиле со осудителна пресуда, односно казна, или за кои не била покрената постапка

(прецизирајте кога, за кои дела, дајте краток опис) и каков бил исходот – отфрлање на кривичната пријава, прекин на постапката, запирање на постапката, непреземање на кривично гонење, откажување од обвинителен акт, одлагање на кривично гонење и одлагање на извршување на пресуда, незавршување на истражната постапка во законски предвидениот рок, ослободителна пресуда и одбивање на жалба. Наведете краток опис, особено ако случајот е поврзан со семејно насилство, силување, сексуално вознемирување и злоупотреба или демнење. Ова особено е важно доколку се однесува на какво било обвинение поврзано со насилство врз жени и насилни дејствија против лица поради, на пример, нивната етничката припадност, родов идентитет, попреченост, сексуална ориентација, возраст, религија.

- Дали постојат прекршочни пријави поднесени против лицето што не завршиле со осудителна пресуда или за кои не била почната постапка (прецизирајте кога, за кои дела, дајте краток опис) и наведете каков бил исходот – отфрлање на барање за поведување на прекршочна постапка, застареност на поведување и водење, застареност на извршување на прекршочна санкција, прекин на постапката, и запирање на постапката, порамнување и спогодување, ослободителна пресуда, ослободување од прекршочна санкција). Дадете краток опис, особено доколку случајот бил поврзан со семејно насилство или генерално со насилство.
- Дали против барателот некогаш биле изречени итни или привремени мерки за заштита (на пр. забрана за приближување и други привремени мерки), особено поради семејно насилство? Дадете краток опис.
- Ве молиме исто така вклучете информации за заштитни мерки изречени според други закони.
- Ве молиме забележете дали имало какви било постапки поврзани со сурово однесување кон животни, независно од исходот.
- За барателите помлади од 30 години, посветете особено внимание на постапките поврзани со:
  - Опасно, безобзирно и невнимателно возење,
  - Врсничко насилство,
  - Насилно однесување на спортски настани,
  - Злоупотреба на супстанции.

### ▼ ИМАЈТЕ ГО ПРЕДВИД И СЛЕДНОВО

Во некои случаи, законски пропишаниот период по кој казните за одредени прекршоци или кривични дела се бришат од евиденцијата е релативно краток. Ова би можело да создаде ризик дозволата за набавка на огнено оружје да му биде одобрена на лице што извршило и е осудено за семејно насилство но чија пресуда била избришана од евиденцијата.

## Полициска евиденција

- Дали барателот некогаш бил пријавен во полиција за семејно насилство? Ако одговорот е да, накратко опишете го настанот, вклучувајќи кога и што точно се случило и кој бил исходот на постапката. Вклучете ги сите настани независно од исходите.
- Дали барателот некогаш бил пријавен во полиција за демнење, вознемирување или сексуално насилство, вклучително и вознемирување и злоупотреба?
- Дали барателот некогаш бил пријавен во полиција за суровост кон животни?
- Дали барателот некогаш бил вклучен во каков било инцидент што бил пријавен во полиција, и дали постои некаков инцидент што бил пријавен во полиција од страна на барателот? Ако одговорот е да, дајте краток опис.
- Дали некои од споменатите инциденти вклучувале и насилно однесување? Ако одговорот е да, дајте краток опис.
- Дали барателот некогаш бил уапсен и/или во притвор и/или бил подложен на каква било друга полициска интервенција?
- Постои ли евиденција за насилно однесување во контекст на хулиганство?
- Дали има информации за одбивање на постапка по налог на службено лице или навредување на полициски службеник?

Обрнете посебно внимание на сите постапки/информации поврзани со (особено за баратели на возраст под 30 години):

- Акти на насилство врз жени и спрема припадници на одредени групи според, на пример, етничката припадност, родов идентитет, попреченост, сексуална ориентација, возраст, религија, итн.

- Претходни малолетнички прекршоци,
- Припадност на банди и хулиганство,
- Врсничко насилство,
- Насилно однесување на спортски настани,
- Злоупотреба на супстанции, вклучително алкохол или дроги, што може да индицира можно нарушено расудување и губење на самоконтролата.
- Опасно, невнимателно или безобзирно возење,
- Сајбер криминал,
- Суровост кон животни, особено нанесување на патење или повреди.

## Податоци од регистарот за огнено оружје

- Дали барателот веќе поседува или претходно поседувал огнено оружје?
- Наведете информации за претходните барања за дозвола/одобрение/привремена дозвола за огнено оружје, ако постојат такви барања. Ако е применливо, наведете информации врз која основа барањата претходно биле одбиени.
- Ако е применливо, наведете податоци, вклучително и која била основата, за евентуално запленување/конфискација на огненото оружје на барателот; за отповикување на дозвола, или за враќање на претходно запленето огнено оружје на барателот.

### ▼ ИМАЈТЕ ГО ПРЕДВИД И СЛЕДНОВО

Додека секоја осудителна пресуда за кривично дело или прекршок со елементи на насилство ќе доведе до одбивање на барањето за набавка на огнено оружје, при разгледувањето на барањето, треба да се земат предвид и сите други однесувања или докази што не довеле до осудителна пресуда, но кои можат да укажат на неподобност на барателот, или на околности во кои огненото оружје би можело да биде злоупотребено, вклучително и за семејно и родово базирано насилство.

Во оваа смисла, начинот на однесување е поводот за загриженост. Сепак, може да постојат и случаи каде што и еднократен инцидент може да ја доведе во прашање подобноста или неподобноста на одредено лице да поседува огнено оружје. Повторувањето на насилно или антисоцијално однесување или злоупотреба генерално треба да се сфати посериозно отколку еднократен инцидент.[21] Сепак, и изолираните инциденти не треба да се отфрлат при процената на засегнатата личност и нејзината подобност да поседува огнено оружје.

## Теренски проверки и интервјуа[22]

При разгледувањето на барањата, неопходно е да се извршат сеопфатни интервјуа или проверки, особено со актуелните или поранешните интимни партнер(к)и, но и со членовите на семејството, пријателите, соседите или соработниците на барателот, пред да се одобри или да се обнови дозволата за огнено оружје. Ова е особено релевантно во случаи каде што постојат информации што укажуваат на семејно насилство или злоупотреба, или каква било друга информација што би можела да укаже дека огненото оружје би можело да се злоупотреби. Одговорот на полицијата треба да биде пропорционален на релевантниот ризик и секој од случаите задолжително се разгледува според доказите и фактите.[23]

При вршење на теренски посети и разговори, треба да се вклучи еднаков број на жени и мажи од семејното и работното опкружување, како и од соседството, затоа што така се добиваат различни перспективи и увиди во однесувањето на барателот.

Одлуката по барањето за набавка на огнено оружје не треба единствено да се заснова на осудителна пресуда кога се разгледува подобноста на барателите да

поседуваат огнено оружје без притоа да се земат предвид заканите по безбедноста или јавниот ред и мир. Ова е особено релевантно за инцидентите на семејно насилство кои, како што дискутиравме претходно, најчесто не завршуваат со осудителна пресуда. Според тоа, надлежните службеници треба да бидат свесни дека можат да ги земат предвид и индиректните докази и информации и не мора да се потпрат единствено и директно на информациите од сопружниците/партнер(к)ите кога ги разгледуваат инцидентите на семејно насилство.[24] Индиректните докази и информации можат да вклучуваат докази и искази од полициски службеници што присуствувале на семејните инциденти или други релевантни информации од други извори, вклучително од центрите за работа, здравствени установи, специјализирани услуги за помош и поддршка на жени жртви на насилство и семејно насилство (дежурни линии, сигурни куќи, засолништа) и други женски организации кои работата на заштита на жените од насилство и семејно насилство.

Кога се планира да се изврши безбедносна проверка преку теренска посета, препорачано е да бидат вклучени **двајца полициски службеници, по еден од машки и женски пол,** за сите потенцијално интервјуирани страни да се чувствуваат удобно да дискутираат за потенцијално чувствителни прашања.

Доколку контролна листа на прашања/препораки за безбедносни проверки преку теренски посети и интервјуа веќе е во употреба во вашата институција, следете ги тие препораки, но размислете и за тоа да ги вклучите и темите/прашањата наведени подолу, ако не се дел од листата на прашања што ја користите.

Препорачливо е теренската посета (или посети) да вклучува неколку интервјуа, вклучително и со:

- барателот на дозволата,
- партнерката/сопругата на барателот,
- поранешната партнерка или сопруга на барателот, особено ако се развеле неодамна,
- други членови на семејството (т.е. родители, деца и други членови на семејството што живеат заедно со барателот),
- лица што го познаваат барателот (односно, соседи, колеги од работа, членови на спортско/ловечко здружение, студенти во случај на млади баратели, итн.).

Интервјуата би можеле да обезбедат веродостојни информации што ќе ја олеснат процената за тоа дали барателот е лице на кое што може да се додели дозвола за

огнено оружје. Помага и да се идентификува дали постојат околности што би укажале дека огненото оружје би можело да биде злоупотребено при одредени околности, вклучително и при семејно насилство. Таквата процена би можела да биде клучна за донесување на информирана одлука за тоа дали да се одобри дозволата за набавка на огнено оружје.

Интервјуираните лица треба да се свесни дека не е нивна задача да нудат стручни мислења, туку да ги споделат нивните мислења и информации, што на полициските службеници ќе им помогне во процесот на донесување одлуки.[25] Треба да им се даде можност и да одбијат да разговараат.

За максимални резултати, интервјуата треба да бидат структурирани и организирани околу главните потенцијално проблематични аспекти за кои дискутиравме претходно.

## Интервју со барателот

Секогаш треба да се изврши посета пред да се одобри дозвола на лице што за прв пат поднесува вакво барање. Посетата треба да вклучува контрола и проверка дали целосно се исполнети условите за безбедно чување на огнено оружје.

Интервјуто би можело да ви овозможи да научите нешто повеќе за карактерот на барателот, за неговото однесување, однесувањето во приватната сфера, за неговиот имиџ и односите во заедницата, итн. Подолу има листа на предложени прашања коишто би можеле да го овозможат ваквото интервју. Листата не е сеопфатна и, во зависност од конкретното ниво на ризик, може да се вклучат и дополнителни прашања. Имајте предвид дека барателот ќе биде подготвен за интервјуто со вас и веројатно ќе се обиде да ви остави добар впечаток.

**Барање за дозвола за огнено оружје**

- Дали би можеле да ја објасните вашата мотивација и причините за набавка на огнено оружје?
- Доколку причината е поврзана со прашањата на лична безбедност, од барателот побарајте да даде подетално објаснување и да образложи докази што ќе го поддржат таквото тврдење. Ако како причина е наведен ловот или друго хоби/спорт, обидете се да спроведете барем едно интервју со лицата од ловечкото здружение или спортскиот клуб каде што членува.
- Дали го/ја известивте сопругот(ата) или партнерот(ката) дека имате поднесено барање за набавка на огнено оружје? Дали се известени и другите членови на вашето домаќинство (возрасните членови што живеат со барателот на дозвола,

вклучително и децата) за вашето барање?

- Што мислат тие за тоа?

**Карактер на барателот на дозволата и задоволство од животот**

- Опишете се себеси со неколку збора (друштвен, опуштен, среќен, сериозен, традиционален, старомоден, импулсивен, итн.).
- Како најчесто го минувате слободното време? Имате ли хобија?
- Дали понекогаш пиете? Дали се обложувате?
- Дали лесно се лутите? Во какви ситуации? Како се однесувате кога сте лути?
- Што најмногу ве нервира?
- Дали сте вработени? Ако одговорот е да, прашајте: Дали сте задоволни од вашата кариера, односите и комуникацијата со претпоставениот и со колегите? Задоволни ли сте од примањата?

**Семеен живот и односи во семејството**

- Како би ја опишале вашата врска со партнерката/сопругата?
- Дали вашата партнерка/сопруга е вработена?
- Дали вашата брачна другарка има широк круг на пријатели? Поминува ли време со нив?
- Има ли ситуации кога сте љубоморни или се сомневате во вашата партнерка?
- Дали вашата партнерка има блиски односи со нејзиното семејство? Дали се во редовен контакт?
- Како би го опишале вашиот однос со другите членови на семејството, вклучително и децата?
- Кој е одговорен во домаќинството кога се работи за важни одлуки?
- Кој е одговорен за децата во вашето семејство?
- Како се чувствувате кога некој од вашето домаќинство не го почитува вашиот избор и вашите одлуки?
- Како ги решавате конфликтите со партнерката/сопругата или со другите членови

на семејството?

- Каков тип на дисциплински мерки/казни преземате во однос на вашите деца?

**Во случај барателот на дозволата да е разведен/разделен:**

- Кога се случи разводот/разделбата?
- Дали имате деца од претходни бракови/врски?
- Како влијаеше разводот на вас?
- Дали сте во контакт со поранешната партнерка? Дали редовно плаќате алиментација?
- Дали имате некакви проблеми со поранешната брачна другарка/партнерка?

**Животот во заедницата**

- Дали имате широк круг на пријатели?
- Како би ги опишале вашите односи со соседите? Имате ли сосед што ве нервира? Ако одговорот е да, зошто?
- Како би ги опишале вашите односи со колегите (и со претпоставениот)?
- Како ги решавате конфликтите со колегите, соседите, пријателите?
- Дали сте служеле војска? Дали сте биле вклучени во некој вооружен конфликт? Ако одговорот е да, кажете ми повеќе за тоа.
- Дали сте навивач на некој фудбалски клуб? Одите ли на спортски натпревари?
- Прашајте го барателот на дозволата дали членува во различни групи (верски, професионални, поврзани со неговите хобија).

### ▼ ИМАЈТЕ ГО ПРЕДВИД И СЛЕДНОВО

Не е невообичаено лицата коишто се насилни во домот да се однесуваат поинаку во јавната сфера и од страна на колегите и познаниците да бидат опишани како личности за почит, посветени на семејството, итн.

Внимателно набљудувајте го однесувањето на барателот на дозвола за време на интервјуто и запишете ги вашите забелешки за време на или веднаш по интервјуто за да не пропуштите да ги забележите и вашите впечатоци.

Најчесто полициските службеници од барателите на дозволи бараат препорака за уште една личност со која тие би требало да разговараат во рамки на безбедносната проверка. Сепак, полициските службеници треба особено внимание да посветат на лицата со кои ќе разговараат и да не се ограничат само на лицата препорачани од самиот барател.

## Интервју со брачен другар(ка)/партнер(ка)

Интервјуата со партнер(к)ите кои би можеле да станат жртви на семејно насилство може да се клучни за да се направи точна процена на барањето. Како што дискутиравме претходно, актуелните и поранешните брачни другар(к)и и партнер(к) и добро го познаваат барателот на дозволата и може да се сериозно засегнати ако барателот на дозволата добие пристап до огнено оружје. Дополнително, тие може да имаат тековна врска со барателот преку грижата за децата и други договори, или може да се во спор со него.

**Таквите интервјуа треба да се изведат со чувствителен пристап, а полициските службеници треба да имаат предвид дека доколку се работи за жртва на семејно насилство, таа може да не е подготвена отворено да зборува со полицијата од страв за ново насилство или одмазда. Информациите дадени за време на интервјуто мора да се третираат како доверливи.[26] Дополнително, мора да се понуди и можност да не учествуваат во разговорот. Ова особено важи за жртви на насилство чија безбедност би можела да биде загрозена со разговорот. Доколку се процени дека извршување на интервју би можело да ја загрози безбедноста, треба да се потпре на други извори на информации. Во секој случај, партнерката треба да се извести за поднесеното барање и да имаат податоци за контакт со надлежниот службеник.**

Полициските службеници мора да се соодветно обучени за да се запознаени и да ги имаат предвид индикаторите за семејно насилство и како да ги поддржат и да ги заштитат жртвите. Полициските службеници треба да бидат обучени да ги препознаваат различните форми на насилство, вклучително и семејното насилство. Тие треба да се свесни дека може да се појави потреба за преземање на активни чекори за заштита на партнерката на барателот. Ова е особено важно ако партнерката е интервјуирана во врска со барањето и даде информации што ќе доведат до одбивање на барањето или одземање на претходно издадена дозвола, затоа што барателот на дозвола за одбивањето може да ја обвини партнерката и да примени насилство.[27] Кога се врши интервју со партнерите, нивната безбедност има највисока важност и не треба да се преземаат никакви дејствија што би можеле да ја загрозат.

Во случаи кога барателот на дозволата е маж, препорачано е интервјуто со брачната другарка/партнерката да го изврши полициски службеник жена. Ова на жените би требало да им овозможи да се чувствуваат удобно да зборуваат отворено и искрено, без загриженост или страв.

Погрижете се интервјуто со партнерката/брачната другарка на барателот да се изведе во **приватност**; **од највисока важност е да се обезбеди приватност и доверливост.** На интервјуираното лице треба да му се понудат повеќе опции, вклучително и интервјуто да се изведе во нивниот дом – кога барателот на дозволата не е присутен, во полициската станица, по телефон или на кое било друго место што партнерката ќе го смета за најсоодветно во времето што најмногу ќе ѝ одговара. Сопругата/партнерката на барателот треба да биде информирана дека интервјуто е **доверливо** и дека е само еден дел од безбедносната проверка.

Интервјуто е можност **да се известат поранешните и актуелните брачни другар(к) и и партнер(к)и** за поднесувањето на барањето за огнено оружје во случај да не биле известени од страна на самиот барател.

**Барање за дозвола за огнено оружје**

- Дали сте известени од барателот за неговото барање за дозвола за огнено оружје?
- Што мислите за неговите причини за поседување на огнено оружје?
- Дали имате некакви причини за загриженост во тој поглед (на пр. дали се плашите за вашата безбедност или за безбедноста на вашите деца)? Кажете ни повеќе за тоа.

**Општо**

- Опишете го барателот во неколку зборови (друштвен, опуштен, среќен, сериозен, традиционален, старомоден...).

**Семеен живот и односи во рамки на семејството**

- Како би ја опишале вашата врска со барателот на дозволата?
- Кој е одговорен за децата во вашето домаќинство? Опишете го неговиот однос со децата.
- Како донесувате важни одлуки во семејството? Кој е главен?
- Како барателот се однесува кога некој во домаќинството не го почитува неговиот избор/неговите одлуки?
- Дали лесно се лути? Како се однесува кога е лут? Дали се плашите од него и од неговите реакции во такви ситуации?
- Дали покажал знаци на однесување на контрола во врската? Ако да, ве молиме опишете ги конкретните случаи. Дали се чувствувате слободна да правите што сакате без страв (во смисла да излегувате со пријатели, на шопинг, да се шминкате и дотерувате, да го посетувате семејството...)? Дали барателот е љубоморна личност?
- Дали често имате расправии или конфликти со барателот на дозволата? Како ги решавате?
- Дали тој/таа некогаш бил(а) насилен/на (кон вас, кон децата или кон други членови на семејството)? Ако одговорот е да, може ли тоа да го опишете со повеќе детали?
- Дали барателот е импулсивен?
- Дали покажува промени во своите емоции, постојано чувство на тага, или губи интерес за секојдневните активности? Дали неодамна имал(а) самоубиствени мисли?
- Дали барателот е склон на алкохол, дроги или обложување?
- Како ги решавате конфликтите со партнерот/брачниот другар или со други членови на семејството?
- Дали имате широк круг на пријатели?

- Дали редовно ги гледате вашите пријатели и членовите на семејството?
- Би можеле ли да го опишете неговиот однос со неговите пријатели, соседи и колеги? Дали е почитуван во заедницата? Има ли спорови со пријателите, соседите или колегите?
- Како го поминува слободното време? Има ли хобија?
- Дали има широк круг на пријатели?

**Живот во заедницата**

- Дали барателот има широк круг на пријатели? Дали има покажано знаци на социјална изолација?
- Каков е неговиот/нејзиниот однос со пријателите, соседите и колегите?
- Дали има некакви спорови со нив?

**Внимателно набљудувајте го неговото/нејзиното однесување за време на интервјуто**, и запишете ги вашите впечатоци за време на интервјуто или веднаш по интервјуто. Ако забележите какви било индиции за насилство, информирајте го полицискиот службеник одговорен за семејно насилство/насилство врз жени.

## ▼ ИМАЈТЕ ГО ПРЕДВИД И СЛЕДНОВО

Партнерот на барателот на дозволата не е потребно да го одобрува или да даде согласност во однос на барањето за дозвола за огнено оружје, и ова треба да му/ѝ биде објаснето. Одговорноста за донесување на одлуката лежи кај полицијата, врз основа на сите достапни докази. Сепак, доколку брачниот другар изрази сомнеж или загриженост, ова мора да се земе предвид и да му се даде највисока важност, па барањето треба дополнително да се разгледува.

## ▼ ИМАЈТЕ ГО ПРЕДВИД И СЛЕДНОВО

Ако партнерката на барателот на дозволата верува дека насилникот може да ја повреди, случајот мора да се третира како случај со највисок степен на ризик. Од друга страна, има случаи во кои жените, кои долго време трпеле насилство, се навикнати на тоа, па му го намалуваат значењето и не се способни да го препознаат ризикот.

## Интервју со поранешен партнер/ка

Како што дискутиравме претходно, поранешните брачни другар(к)и и партнер(к)и се познаваат со барателот на дозволата и набавката на огнено оружје од страна на барателот може да претставува сериозна закана за нивната безбедност. Доколку постои каква бил индиција за ризик, препорачано е да се спроведе интервју со нив. Ова би можело да е особено релевантно во случаи на неодамнешен развод или разделба. Дополнително, во таквите случаи, може да биде корисно да се изврши консултација со надлежниот Центар за социјална работа. Групата на прашања за актуелен партнер/ка може да служат како основа за интервјуто, но особено внимание треба да се посвети и на следниве прашања при интервјуирање на поранешните брачни другар(к)и и партнер(к)и:

- Кога се разведовте/разделивте? Какво беше вашето искуство за време на бракоразводната постапка/разделбата?
- Дали контактирате со вашиот поранешен партнер? Дали тој/таа редовно плаќа алиментација?
- Дали имате некакви проблеми со вашиот поранешен брачен другар/партнер?
- Дали тој/таа некогаш бил насилен/на (кон вас, кон децата и кон други членови на семејството)? Ако одговорот е да, би можеле ли тоа да го опишете тоа со повеќе детали?
- Дали имате причини за загриженост поврзани со барањето за дозвола за огнено оружје поднесено од страна на вашиот поранешен партнер?

## Интервју со возрасни членови на семејството, вклучително и родителите на барателот

Ако тоа е возможно, родителите на барателот можат да понудат важни согледувања за карактерот и искуството на барателот, особено во врска со детството и воспитувањето на барателот.

- Дали барателот ве известил за неговото/нејзиното барање за дозвола за огнено оружје?
- Дали имате било каква причини за загриженост поврзана со поднесеното барање за дозвола за огнено оружје?
- Ве молиме опишете го барателот како дете.

- Дали тој/таа бил(а) добро адаптиран(а) во училиштето? Имаше ли многу пријатели? Дали некогаш била жртва на врсничко насилство?
- Дали тој/таа имал(а) партнерски врски?
- Како тој/таа реагирал во минатото, а како реагира сега кога нешто ќе му/ѝ биде одбиено?
- Дали тој/таа некогаш бил(а) член на банда, хулиганска група и слично?
- Дали како дете тој/таа бил(а) подложен(а) на насилни дисциплински мерки?
- Дали некогаш имал(а) самоубиствени мисли или други проблеми со менталното здравје?
- Какви се неговите/нејзините ставови кон жените?
- Какви биле неговите/нејзините ставови кон одредени групи категоризирани, на пример, од етничката припадност, родовиот идентитет, попреченоста, сексуалната ориентација, возраста и религијата?
- Дали е склон(а) на злоупотреба на супстанции, вклучително алкохол и дроги?
- Дали има возено невнимателно?
- Дали некогаш бил(а) суров(а) кон животни?

## Интервју со други лица (соседи, колеги, други членови на спортските и/или ловечките здруженија)

Интервјуирањето на соседите, колегите и другите членови на спортски и/или ловечки здруженија би можело да придонесе кон формирање на поширока слика за барателот и неговата личност/карактер и исто така да ги расветли тековните несогласувања или кавги, што би можеле да претставуваат индиции за ризична ситуација, особено ако се однесуваат на односите со соседите.

- Како барателот се однесува во заедницата, соседството, на работа, во спортскиот/ловечкиот клуб?
- Кажете ни за неговите/нејзините врски/интеракции со пријателите/вколегите/соседите. Дали често се расправа со нив?
- Дали тој/таа е склон на конфликти? Дали сте свесни за некоја ситуација во која реагирал(а) насилно, вклучително и во семејните односи?

- Дали барателот на дозволата има некакви проблеми со злоупотреба на алкохол или дрога или обложување?

Доколку барањето е поврзано со лов, побарајте информации од претставник на ловечкото здружение каде што барателот е активен член, дали редовно учествува во активностите и натпреварите, бидејќи е член на здружението и во однос на претходната инволвираност на барателот во инциденти при лов или стрелање, дали постојат некакви дисциплински постапки што биле поведени против барателот, како и дали биле изречени дисциплински мерки.

## Извештај од безбедносните проверки

Извештајот треба експлицитно да наведе дали постојат околности кои укажуваат дека огненото оружје би можело да биде злоупотребено, особено во контекст на:

- семејно насилство и насилство врз жени,
- ризиците поврзани со групите под најголем ризик од злоупотреба на огнено оружје, особено младите мажи.

Треба да се избегне каква било двосмисленост или нејасност.

Ако собраните информации не обезбедат доволно докази но фрлаат сомнеж врз подобноста на лицето да му биде доверено огнено оружје, треба да се спроведат дополнителни проверки за да се утврди дали постојат или не постојат дополнителни докази што ќе посочат дека лицето е подобно/неподобно да поседува огнено оружје.

**Поле 1: Спроведување на други проверки, вклучително и проверка на социјалните медиуми и присуството на интернет**

Профилите на социјалните медиуми на барателите на дозволи може да понудат важен увид во нивниот карактер и однесување и потенцијално да укажат дали постојат причини за загриженост што би можеле да се земат предвид при разгледувањето на барањето. Треба да се посвети внимание на секоја потенцијално алармантна активност.

Дополнително, земете го предвид и онлајн присуството на барателот и надвор од социјалните медиуми, како на пример во различни форуми, апликации за разговор и интернет заедници.

Во однос на социјалните медиуми и присуството на интернет, треба да се посвети особено внимание на секоја содржина која:

- Промовира и глорифицира насилство во било каков контекст,
- Содржи мизогени ставови, говор на омраза кон жени и девојки, или други силно изразени предрасуди кон жените,
- Го оправдува или повикува на насилство врз жените и девојките и на родово базирано насилство, вклучително и сексуално насилство, вознемирување и злоупотреба,
- Позитивно ги карактеризира масовните пукања, вклучително и споделување на објави на сторители на претходни масовни пукања,
- Содржи говор на омраза или насилни ставови кон одредени групи според, на пример, етничка припадност, родов идентитет, попреченост, сексуална ориентација, возраст, религија,
- Вклученост во сајбер–насилство и/или вознемирување преку интернет и/или сајбер криминал,
- Индиции за поврзаност со банди,
- Индиции за радикализација и насилен екстремизам,
- Промовирање насилство на спортски настани,
- Промовирање на опасно, безобзирно или невнимателно возење,
- Индиции за суровост кон животни.

**ЧЕКОР 3:**

# Донесете информирана и родово-одговорна одлука

Одлуките за барањата за дозволи треба да се носат врз основа на процена на сите релевантни информации и мора да се донесат според конкретните фактите (не, на пример, поради технички пропуст) на секој посебен случај. За да се донесе информирана одлука за тоа дали огненото оружје би можело да се злоупотреби за семејно и родово базирано насилство, погрижете се да бидат прибрани сите релевантни информации, вклучително и преку:

- Кривичната и прекршочна, оперативна и друга евиденција,
- Полициската евиденција,
- Регистарот за огнено оружје,
- Теренски проверки и интервјуа, вклучително и со партнерот, ако тоа е применливо,
- Други извори на информации, како социјалните медиуми и присуството на интернет.

Кога се проценува одредено барање за одобрување на дозвола за огнено оружје, од родова перспектива, но и генерално, разгледајте ги и следниве фактори што би можеле да укажат на потенцијален ризик дека огненото оружје би можело да се злоупотреби за насилство врз жени, семејно и родово базирано насилство.

- Сите претходни осудителни пресуди, за кривични дела и прекршоци, особено оние поврзани со семејно насилство.[24]
- Историја на криминално однесување или нарушување на јавниот ред и мир, дури и кога инцидентите не завршиле со осудителна пресуда, може да укажува на околности што потенцијално би довеле до можна злоупотреба на огнено оружје.
- Одлуката по барањето на дозвола за набавка на огнено оружје не треба да се потпира исклучиво на осудителни пресуди кога се разгледува подобноста на барателите да поседуваат огнено оружје без да се земе предвид опасноста по јавната безбедност или јавниот ред, туку мора да се земат предвид и индиректните докази (и информации) прибрани за време на безбедносната проверка.
- Погрижете се секој забележан инцидент на семејно насилство и секое насилно или агресивно однесување да се третира со највисок степен на сериозност независно од тоа каков бил исходот, затоа што може да укажува на околности во кои би можело да дојде до злоупотреба на огненото оружје.
- Наводите или оперативни информации што не резултирале во осудителна

пресуда сепак можат да претставуваат докази за неспособност или неподобност, особено ако информациите се добиени од различни извори и се процени дека тие се веродостојни и сигурни. Ова е особено релевантно за сите инциденти што вклучувале насилство или огнено оружје.

- Додека насилно или антисоцијално однесување или злоупотреба треба генерално да се сметаат за посериозни отколку единствен инцидент, изолираните инциденти не треба да се занемарат при процената на лицето и неговата подобност да поседува огнено оружје. Ова може да е особено релевантно за семејното насилство поради ниското ниво на неговото пријавување.
- Посветете особено внимание на интервјуата спроведени со брачните другар(к) и/партнер(к)ите и другите членови на семејството, вклучително и поранешните партнер(к)и. Причините за загриженост што тие би можеле да ги имаат треба да се третираат со највисок степен на итност.
- Сепак, интимниот партнер може да не е подготвен или да не е во можност отворено да ги изрази своите сомнежи, затоа од најголема важност е да се разгледаат и други извори на информации.
- Сите забележани инциденти со говор на омраза, непријателски и насилни ставови кон жени, поединци или групи засновани на етничката припадност, раса, родов идентитет, попреченост, сексуална ориентација, возраст или религија.
- Секоја поврзаност со банди или хулигански групи, вклучително и насилство на спортски настани.
- Посебно внимание треба да им се посвети на сите индиции за радикализација или насилен екстремизам, или која било содржина поврзана со масовно пукање.
- Сите индиции за злоупотреба на супстанции, вклучително и алкохол и дроги.
- Полициска евиденција за која било активност што вклучува огнено оружје, особено дела што вклучувале насилство или непридржување до условите под кои била издадена дозволата за огнено оружје, вклучително и условите што се однесуваат на безбедното чување на оружјето. Овде спаѓаат и сите претходни одбивања или одземања на дозвола за огнено оружје.

**Доколку се утврдат и документираат какви било околности кои укажуваат на можна злоупотреба на огненото оружје при разгледувањето на барањето, не треба да се дава одобрение за набавка на огнено оружје, како што е наведено во Законот за оружје. Доколку се појави сомнеж за таква злоупотреба за време на процесот на разгледување, но потребни се дополнителни информации, треба да се почне со дополнително разгледување на барањата со цел да се добијат**

**доволно докази дека (не) постои ризик од злоупотреба на огненото оружје. Донесувањето одлуки треба да се води со примарна цел да се спречи каква било штета од злоупотреба на огненото оружје.**

## ▼ ИМАЈТЕ ГО ПРЕДВИД И СЛЕДНОВО

Ако одредено барање е одбиено врз основа на индиции дека огненото оружје би можело да биде злоупотребено за семејно насилство, а оваа информација е добиена од интимни партнер(к)и или други членови на семејството, погрижете се одбиениот барател на дозволата во никој случај да не ги дознае причините за одбивањето затоа што тоа може да ги доведе партнерката или членот на семејството во екстремен ризик и нивната безбедност може да сериозно компромитирана. Овие случаи мора да се третираат со најголемо внимание.

**ЧЕКОР 4:**

# Постојано следење на исполнувањето на законските услови за поседување на оружје

Надлежните органи мора да воспоставаат соодветни мерки за следење на сите активности на носител на дозвола за да обезбедат дека сите релевантни информации се секогаш достапни за континуирано следење на соодветноста и подобноста на одредено лице да поседува огнено оружје. Од најголема важност е службениците одлучно да дејствуваат, особено во случај на семејни инциденти и насилство, за да се одбегнат последиците од злоупотреба на огнено оружје кои можеле да се спречат.[28] Потребно е да се врши континуирана проценка на подобноста на имател на дозвола за огнено оружје по инцидент на семејно насилство или злоставување.

Дополнително, членови на јавноста кои се познати на носителот на дозволата исто така можат да понудат информации за подобноста на имателот на дозволата. Сите такви извештаи мора соодветно да се истражат и евидентираат. Кога добиените информации можат да се поткрепат, тогаш треба да се врши континуирана проценка на подобноста на носителот на лиценцата. Анонимните пријави треба да се третираат како разузнавачки информации и потребно е да се преземат чекори за да се осигури дека при последователните испрашувања или судски постапки не се открие изворот на информации. Како дел од истрагата, потребно е да се преземат чекори и да се утврди дали пријавата евентуално е поднесена злонамерно.[29]

Во рамките на ваквата континуирана проценка, лекарите од општа пракса и другите здравствени работници треба да бидат информирани за нивната правна обврска навремено да ги пријават сите промени во здравјето на имателот на дозволата за огнено оружје што би можеле да влијаат на неговата способност да поседува огнено оружје.

При одобрувањето на барањето за дозвола за огнено оружје, треба да се планираат периодични посети на имателот на дозволата за да се провери дали огненото оружје се чува правилно според законските прописи и дали се исполнети сите услови за безбедно чување на оружјето.

1 Извор: SEESAC Armed Violence Monitoring Platform
2 SEESAC. 2019. Misuse of Firearms in Domestic Violence in South East Europe: Fast Facts.
3 SEESAC.2022. In Focus Armed Violence Monitor on Firearm Incidents in the Context of Domestic Violence in SEE in 2019-2021.
4 SEESAC.2019. Men and Firearms in South East Europe: Fast Facts.
5 За повеќе информации, видете ја Анкетата за насилство врз жените предводена од ОБСЕ – Главен извештај. Овој извештај ги прикажува меѓурегионалните споредливи наоди од истражувањето на ОБСЕ за благосостојбата и безбедноста на жените, спроведено 2018 година во избрани јурисдикции во Југоисточна и Источна Европа. Истражувањето предводено од ОБСЕ вклучуваше квантитативна и квалитативна компонента и беше спроведено со цел да се обезбедат споредливи податоци за различните форми на насилство што жените го доживуваат во детството и во текот на животот. Истражувањето го испитуваше насилството што го трпат жените во конфликтни и неконфликтни услови, како и влијанието на насилството врз жените и девојчињата, вклучително и трајните последици. Беа поставени прашања за нормите и ставовите во однос на насилството врз жените со цел подобро да се разберат основните причини за насилството.
6 Дефинициите од ова поглавје се преземени од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство.
7 За повеќе информации, видете ја Анкетата за насилство врз жените предводена од ОБСЕ – Главен извештај. Овој извештај ги прикажува меѓурегионалните споредливи наоди од истражувањето на ОБСЕ за благосостојбата и безбедноста на жените, спроведено 2018 година во избрани јурисдикции во Југоисточна и Источна Европа. Истражувањето предводено од ОБСЕ вклучуваше квантитативна и квалитативна компонента и беше спроведено со цел да се обезбедат споредливи податоци за различните форми на насилство што жените го доживуваат во детството и во текот на животот. Истражувањето го испитуваше насилството што го трпат жените во конфликтни и неконфликтни услови, како и влијанието на насилството врз жените и девојчињата, вклучително и трајните последици. Беа поставени прашања за нормите и ставовите во однос на насилството врз жените со цел подобро да се разберат основните причини за насилството.
8 Amnesty International, the International Action Network on Small Arms (IANSA) and Oxfam International. 2005. The Impact of Guns on Women's Lives. Oxford: The Alden Press.
9 Видете: American Psychological Association, Dictionary of Psychology.
10 Видете: Brian Heilman with Gary Barker. 2018. Masculine Norms and Violence. Making the Connections. Promundo
11 SEESAC.2019. Men and Firearms in South East Europe: Fast Facts.
12 Видете: Heilman, B., Barker, G., and Harrison, A. (2017). The Man Box: A Study on Being a Young Man in the US, UK, and Mexico. Washington, DC and London: Promundo-US and Unilever.
13 Brian Heilman with Gary Barker. 2018. Masculine Norms and Violence. Making the Connections. Promundo.
14 SEESAC. Gender and SALW in South East Europe: Main Concerns and Policy Responses.
15 Видете: Page, Ella. 2009. 'Men, Masculinity and Guns: Can We Break the Link?'. IANSA; Mankowski, Eric. 2013. 'Antecedents to Gun Violence: Gender and Culture'. In Gun violence: Prediction, Prevention, and Policy. American Psychological Association; Bevan, James and Nicholas Florian. 2006. 'Few options but the gun: Angry young men'. In Small Arms Survey 2006: Unfinished Business. Geneva: Small Arms Survey.
16 Ibid.
17 SEESAC. 2006a. The Rifle has the Devil Inside – Gun Culture in South Eastern Europe.
18 Page, Ella. 2009.
19 Bevan, James and Nicholas Florian. 2006. 'Few options but the gun: Angry young men'. In Small Arms Survey 2006: Unfinished Business. Geneva: Small Arms Survey.
20 Home Office. 2016. Guide on Firearms Licensing Law.
21 Ibid, стр.98.
22 Овој дел во најголема мера се повикува на Предлогот препораки за примена на правните одредби за поседување оружје со цел да се превенира семејното насилство и насилството од страна на интимен партнер, развиен од УНДП Србија во рамките на проектот „Намалување на ризикот и зголемување на безбедноста – Ставање крај на злоупотребата на МЛО во контекст на семејното насилство“
23 Ibid.стр.102.
24 Ibid, стр.101.
25 Ibid, стр. 71.
26 Ibid. стр. 101.
27 Ibid. стр. 101
28 Ibid. стр. 102.
29 Ibid. стр. 102.

IP - Каталогизација у публикацији
Народна библиотека Србије, Београд

623.44

ПРИРАЧНИК за родово одговорен процес на одобрување дозволи за огнено оружје / [уредник Косана Бекер, Драган Божаниќ] : [превод Игор Стефаноски]. - Белград : UNDP SEESAC, 2024 (Белград : Биграф плус). - 62 стр. ; 30 cm

Prevedeno prema: Приручник за процес одобравања дозволе за ватрено оружје прилагођен роду. - Tiraž 50.

ISBN 978-86-7728-370-4

а) Ватрено оружје

COBISS.SR-ID 147385865

South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse
for the Control of Small Arms and Light Weapons (SEESAC)

Bulevar Zorana Đinđića 64, 11000 Belgrade, Serbia
Tel: +381 11 415 5300
E-mail: seesac@undp.org
www.seesac.org

Funded by
the European Union

Working within the framework of:

RegionalCooperationCouncil